РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1093/4
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06 2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 12-1093/1 од 12.03.2024 година, оформен по доставена пријава против в.д Директорот на Државниот инспекторат за __________ _ ________ со наводи за непочитување на забраните утврдени во членовите 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1093/1 од 12.03.2024 година, да се затвори и архивира
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 12.03.2024 година, поднесена е пријава за в.д Директорот на Државниот инспекторат за __________ _ ________ за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година и оформен е предмет број 12-1093/1 од 12.03.2024 година.

Наводите во пријавата упатуваат на тоа дека вд директорот не ги почитувал забраните во членовите 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членовите 8-а и 8б од Изборниот законик, поради покрената дисциплинска постапка за утврдување одговорност на вработената ________ ________ _______ во време на распишани Претседателки и Парламентарни избори 2024.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот инспекторат за __________ _

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

________ со кое беше побарано да биде доставено писмено образложение со целокупната документација во прилог на истото.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот инспекторат за ____________ _ _________ на 07.03.2024 година, согласно членот 77 став 3 од Законот за административни службеници има донесено предлог за покренување на дисциплинска постапка за утврдување дисциплинска одговорност против лицето _______ _________ _________, вработена на работно место Раководител на Одделение за нормативно правни и општи административни работи во Сектор за нормативно, правни, општи и други работи, при Државниот инспекторат за __________ _ ________ поради тоа што во изминатиот период имала сторено повеќе повреди на Законот за административни служеници и тоа
-несовесно, ненавремено и неизвршување на работните задачи согласно членот 73 став 1 од ЗАС,
-непристојно однесување на административниот службеник при вршењето на работата и работните задачи согласно член 73 став 2 од ЗАС,
-навредливо и насилничко однесување на работното место согласно член 73 став 21, и однесување спротивно од одредбите на Кодексот согласно член 73 став 22.

Согласно член 52 став 3 и став 4 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, а согласно правилникот за начинот на водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап, Директорот на Државниот инспекторат за __________ _ ________ има донесено Решение за формирање на комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап бр.01-191/9 од 14.03.2024 година со задача да се постапи по донесениот предлог бр. 01-191/1 од 07.03.2024 година, согласно Законот за административни службеници и Правилникот за начинот на водење на дисциплинската постапка за дисциплинскиот престап и образец за тајно гласање.

По предлогот за покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, директорот на Државниот инспекторат за __________ _ ________ има донесено одлука бр 01-191/24 од 03.04.2024 година за запирање на постапката до завршување на изборниот процес, а врз основа на предлог на комисијата кој едногласно бил изгласан на подготвителната седница одржана на 02.04.2024 година заради почитување на одредбите од член 34 и 35 од Законот за спречување на корупција и членот 8-а од Изборниот законик.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Дополнително донесената одлука на директорот за утврдување на дисциплинска одговорност поради жалбена постапка била предмет на работа и пред друг надлежен државен орган, односно Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен која што на седница одржана на 28.03.2024 година, има донесено одлука од своја надлежност со образложение дека наводите во жалбата се неосновани.

Врз основа на наведеното ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување, од причина што за конкретниот случај постапиле други надлежни органи, и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: З.Б.,член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата